ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 14-851/5**

**Дата: 15.11.2013**

**ДО**
**НАРОДНО ДВИЖЕЊЕ ЗА МАКЕДОНИЈА - НДМ**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година на Народно движење за Македонија - НДМ (во натамошниот текст НДМ) на сметката за редовно работење.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на редовната сметка на НДМ за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

Изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на НДМ за 2012 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2012 година, констатирани се следните состојби:

- искажани парични средства во финансиските извештаи на НДМ во помал износ од 378 илјади денари, поради не евидентирање на средствата од благајната како и неизвршен попис на благајната на ден 31.12.2012 година;
- неправилности поврзани со благајничкото работење и
- непостоење на договор за закуп на деловен простор.

Надлежните органи на партијата потребно е да преземат активности за надминување на утврдените состојби.

***Ревизорски тим:***
*1.* ______________________
*2.* ______________________

***Овластен државен ревизор***

______________________

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:
- отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на донации;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации и
- отсуство на изработени пречистени текстови на закони.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Извршивме обелоденување во делот на регулирање на висината и начинот на плаќање на членарината, како и во делот на средствата од Министерството за правда за 2011 година кои согласно Законот за финансирање на политичките партии треба да се префрлат на сметката на партијата, но до денот на ревизијата средствата не се уплатени.

Од страна на раководното лице на партијата добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека претставуваат известување за причините кои довеле до утврдените состојби, како и известување за постапување/ превземени мерки за надминување на констатираните состојби.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 11 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на сметката за редовно работење на НДМ, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на редовната сметка на НДМ за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на партијата од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Јанко Бачев, претседател на НДМ

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на НДМ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 22.07.2013 до 26.07.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на НДМ – предмет на ревизија, одржан на ден 31.07. 2013 година.

Од страна на раководното лице на партијата добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека претставуваат известување за причините кои довеле до утврдените состојби, како и известување за постапување/ превземени мерки за надминување на констатираните состојби.

### 3.1. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

3.1.1. Во текот на 2012 година во финансиските извештаи на НДМ евидентирани се приходи во износ од 680 илјади денари, трошоци во износ од 180 илјади денари и салдо на паричните средства во износ од 123 илјади денари. Со увид во сметководствената документација ревизијата утврди дека евидентираното салдо на паричните средства во билансот на состојба, не е во согласност со салдото на жиро сметката и благајната, утврдено со последните банкови и благајнички извештаи на 31.12.2012 година, кое изнесува 500 илјади денари. Утврдената состојба е резултат на неизвршен попис на благајната и неевидентирање на истите во билансот на состојба во износ од 378 илјади денари, што не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на непрофитните организации и Правилникот за сметководството на непрофитните организации. Наведената состојба има влијание врз реалноста и објективноста на финансиските извештаи.

**Препорака:**
Одговорното лице во партијата да преземе мерки и активности за доследна примена на одредбите од Законот за сметководството на непрофитните организации и Правилникот за сметководството на непрофитните организации во однос на извршувањето на пописот на паричните средства и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, како и правилно евидентирање во сметководствената евиденција.

3.1.2. Со увид во сметководствената документација за плаќањата извршени преку благајната на партијата ревизијата утврди дека:

- НДМ има донесено Одлука[1] со која е утврдена висината на благајничкиот максимум во износ од 100 илјади денари. Во текот на 2012 година партијата, како учесник во платниот промет не ја почитува горенаведената одлука, односно во благајната се чуваат пари во готово во поголем износ од дозволениот, што не е во согласност со член 20 од Законот за платниот промет;
- извршени се плаќања на производи и услуги во готово во вкупен износ од 109 илјади денари, чии поединечни износи го надминуваат законски дозволениот лимит од 6 илјади денари, што не е во согласност со член 20 од Законот за платниот промет;
- дел од исплатите не се поткрепени со уредна сметководствена документација како основ за внесување во деловните книги, што не е во согласност со член 10 од Законот за сметководството за непрофитните организации.

Утврдените состојби влијаат врз реалноста и објективноста на финансиските извештаи како и врз законското користење на средствата со кои располага партијата.

**Препорака:**
Одговорното лице во партијата да преземе мерки и активности за доследна примена на одредбите од Законот за платниот промет и Законот и Правилникот за сметководството на непрофитните организации, како и обезбедување и приложување на соодветна документација како потврда за настанатите финансиски промени.

**Биланс на приходи и расходи**

3.1.3. Со извршениот увид во деловните книги ревизијата утврди дека, партијата не поседува градежни објекти во нивна сопственост. За седиштето на НДМ во Скопје, се користи простор за кој се исплатени средства во износ од 48 илјади денари, врз основа на донесена Одлука[2] за закуп за период од мај 2008 година до декември 2012 година, за што не е склучен договор со закуподавецот за уредување на меѓусебните права и обврски. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи и истата не овозможува потврдување на меѓусебните права и обврски, како и трошоците кои произлегуваат од користењето на деловниот простор.

---

[1] Одлука за касов максимум број 002/2012 од 10.01.2012 година

[2] Одлука за закуп на седиште на партијата донесена од Извршен комитет на партијата, деловен број 027/2008 од 30.04.2008 година

**Препорака:**
Законскиот застапник на партијата или овластено лице од надлежните органи да преземе мерки и активности за склучување на договор за уредување на меѓусебните права и обврски со закуподавецот на деловниот простор.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупни ефекти од изнесените наоди во точката 3.1., чие влијание се одрази врз издаденото мислење од страна на ревизијата се:

- искажани парични средства во финансиските извештаи на НДМ во помал износ од 378 илјади денари, поради неизвршен попис на благајната на 31.12.2012 година и неевидентирање на средствата од благајната во билансот на состојба;
- неправилности поврзани со благајничкото работење и
- непостоење на договор за закуп на деловен простор.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење – за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на НДМ на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење – за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на НДМ, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Согласно одредбите на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/04; 86/08; 161/08; 96/09; 148/11; 142/12 и 23/13), политичките партии се задолжени да водат регистар на донации и истиот да го објават на својата веб страна на секои шест месеци за изминатиот шестмесечен период во рок од 15 дена од денот на истекот на шестмесечниот период или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста. Со став четири од наведениот член е

уредено дека „Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон[3]".

До денот на известувањето за извршената ревизија наведениот правилник не е донесен од страна на надлежниот министер.

Ревизијата истакнува дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија" број 142/12) наведениот член 17 има претрпено измени во делот на содржината на регистарот на донации и начинот на објавување на истиот. Во исто време во член 27-б предвидени се прекршочни одредби за запирање (суспендирање) на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија за политичката партија која нема да ги објави податоците за донациите примени во текот на годината согласно со членот 17 од законот и кое ќе трае до уредно исполнување на обврските согласно истиот член. Утврдената состојба влијае на остварување на правото на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија во тековниот и наредниот период.

За надминување на утврдената состојба потребно е надлежниот министер да преземе активности за пропишување на наведениот правилник и негово објавување во Службен весник на Република Македонија.

5.2. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 24/2003 и 17/2011) и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011) уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции[4]". Со извршениот увид во: Правилникот за

---

[3] Законот за финансирање на политичките партии влегува во сила на ден 03.11.2004 година, со тоа што наведениот правилник било потребно да биде донесен најкасно до 03.05.2005 година;

[4] Приходите на непрофитните организации, се сметаат како расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари во наредната година под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/05; 11/06) и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/2005), ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции[5] кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа“. За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции “.

5.3. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/2004, 5/2007, 8/2007; 5/2008 и 23/2013) вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија“ број 57/2007 и 60/2007). Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

---

Расходите на непрофитните организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари во наредната година под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

[5] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481- Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482-Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на погоренаведените законски акти.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Во член 13, став 1, алинеа 1 и член 14 од Законот за финансирање на политичките партии, наведени се приватните извори на финансирање на политичките партии, помеѓу кои е финансирањето по основ на членарина. Под членарина се смета редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Согласно одредбите од член 42 од Статутот на НДМ, партијата својата активност ја финансира помеѓу другото и со средства кои се собираат од членството. Со увид во документацијата ревизијата утврди дека овие одредби од Статутот, во пракса не се почитуваат од членовите. Не наплатувањето на членарина како извор на финансирање, предизвикува намалени приходи на партијата и ограничување во извршувањето на нејзините активности.

6.2. Согласно член 10 од Законот за финансирање на политичките партии, распределбата на буџетските средства за финансирање на политичките партии ја врши Министерството за правда, согласно донесено решение за исплата на финансиски средства од министерот за правда. НДМ во 2011 година има добиено решение[6] за исплата на средства во износ од 653 илјади денари, кои до денот на ревизијата не се уплатени на сметката на партијата. Во текот на ревизијата, НДМ со писмо[7] го известува Министерството за правда дека средствата се уште не се уплатени на сметката на партијата.

[6] Решение од Министерство за правда, за исплата на финансиски средства број 07-4998 од 27.12.2011 година,
[7] Писмо за доставување на податоци до Министерство за правда, број 089/2013 година од 22.07.2013 година.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 3.1.1. | 180 | 0 |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходната година | 3.1.2. | 500 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **680** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| Материјални расходи, услуги, амортизација | 3.2.1. | 136 | 0 |
| Други расходи | 3.2.2. | 44 | 0 |
| **Вкупно расходи** | | **180** | **0** |
| **Нето вишок на приходи-добивка по оданочување** | | **500** | **0** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и АВР** | | | |
| Парични средства | 4.1.1.1. | 123 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **123** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **123** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Долгорочни обврски** | | | |
| Други долгорочни обврски | 4.2.1.1. | 123 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **123** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **123** | **0** |

НАРОДНО ДВИЖЕЊЕ ЗА МАКЕДОНИЈА
МАКЕДОНИЈА на МАКЕДОНИЈА

Народно движење за Македонија, ул. „Даме Груев„ бр. 10, Скопје, 1000
тел: 070 38 71 71; 078 23 14 16; www.ndm.org.mk, ndm@ndm.org.mk

До Државниот завод за ревизија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 01.11.2013

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 14 | 851/4 | | |

Предмет: Забелешки и Известување за спроведени
препораки по Нацрт – Извештај,-

Во врска со доставениот Нацрт - Извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Народното движење за Македонија на сметката за редовно работење за 2012 година, доставен со Ваш допис бр. 14-851/3 од 23.09.2013 година, Ве известуваме следното:

**1.** Во врска со наодот на овластениот државен ревизор наведен во точка 3.1.1 од Нацрт - Извештајот, Ве известуваме дека салдото на паричните средства на жиро сметката на 31.12.2012 година изнесува 123.259,00 денари, кое салдо е искажано и во Билансот на состојбата.

Меѓутоа, поради наш пропуст во Билансот на состојба не е евидентирано салдото на паричните средства на благајната со состојба на 31.12.2012 година во износ од 378.000 денари. За наведениот пропуст, Народното движење за Македонија ве извести со допис од 01.08.2013 година.

Исто така, во книговодството не беа евидентирани стварно направените трошоци за истиот износ од 378.000 денари, за кои беше презентирана финансиска документација при вршењето на ревизијата. Причината за неевидентираните трошоци во 2012 беше заради ненавременото доставување на финансиската документација од страна на општинските организации на партијата.

Заради тоа, а врз основа на препораките на ревизијата, во налог бр. 01 и 02 од 31.10.2013 година извршивме книжење и задолжување на благајната на конто 102 за износот од 378.000 денари и ги евидентиравме стварно направените трошоци за истиот износ според благајничките извештаи бр. 1 и 2 од 31.01.2013

Прилог: Налог за книжење бр. К/01 И К/02 од 31.01.2013
Касов извештај бр. 1 од 31.01.2013
Касов извештај бр. 2 од 31.01.2013
Бруто биланс за период 01.01-31.12.2012

**2.** Во однос на наодот на ревизијата искажан во точка 3.1.2. Ве известуваме дека Народното движење за Македонија превзеде активност за спроведување на препораките од ревизијата и отстранување на недостатоците во работењето во наредниот период. Имено, во 2013 година се почитува Одлуката за висината на благајничкиот максимум, не се исплатуваат парични средства за готовински плаќања над износот од 6.000 денари и сите исплати се поткрепени со уредна финансиска документација.

**3.** Во однос на наодот на ревизијата искажан во точка 3.1.2., Ве известуваме дека Народното движење за Македонија ја прифаќа препораката на ревизијата и ќе склучи договор за закуп на деловниот простор со закуподавачот и истиот ќе ви биде доставен на увид.

Во однос на овој наод на ревизијата, Ве известуваме дека причината за несклучениот договор за закуп на деловниот простор беше поради недефинираниот сопственик и правното лице кое треба да биде закуподавач, бидејќи претпријатието кое треба да склучи договор е во стечајна постапка. Напоменуваме дека во овој деловен простор се сместени и други партии кои се во иста состојба како и нашата партија.

Почитувани!

Ви благодариме за дадените препораки и Ве известуваме дека Народното движење за Македонија ќе ги превземе сите активности за отклонување на констатираните неправилности во работењето, со цел законско книговодствено и финансиско работење во наредниот период.

Со почит,

Дел.број 092/2013
25 октомври 2013 година
Скопје

Народно движење за Македонија
Претседател
Јанко Бачев

**Прилог 2**

# ОДГОВОР

**на забелешките на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На ден 01.11.2013 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на политичката партија Народно движење за Македонија од страна на одговорното лице на Народно движење за Македонија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 14-851/4 од 01.11.2013 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во Нацрт извештај во **точка 3.1.1.** која се однесува на тоа дека политичката партија Народно движење за Македонија не го евидентирала салдото на паричните средства на благајната со состојба на 31.12.2012 година, **претставува известување** за причините за констатираните забелешки во Нацрт извештајот, како и известување за преземените мерки и активности во насока на спроведување на дадената препорака по констатираната состојба, односно дека е извршено нивно евидентирање во деловните книги на партијата.

2. Забелешката на констатираната состојба во Нацрт извештај во **точка 3.1.2.** која се однесува на недоследности во работењето со средствата во благајната, **претставува известување** за преземените мерки и активности во насока на спроведување на дадената препорака по констатираната состојба односно дека се преземени активности за почитување на благајничкиот максимум согласно Одлука за висината на благајнички максимум, исплатите во поединечен износ се во рамките на законски утврдениот лимит како и дека сите исплатите се поткрепени со уредна финансиска документација.

3. Забелешката на констатираната состојба во Нацрт извештај во **точка 3.1.3.** која се однесува на тоа дека политичката партија Народно движење за Македонија нема склучено договор за закуп на деловниот простор во кој е сместена **претставува известување** за причините поради кои не е склучен договорот за закуп, како и известување за преземените мерки и активности во насока на спроведување на дадената препорака по констатираната состојба.

*Ревизорски тим:*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________

*Овластен државен ревизор*
______________________